Врз основа на член 39-ж став (3) од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија" број 29/2002, 85/2003, 40/2004, 113/2005, 29/2007, 88/2008, 48/2009, 50/2010, 171/2010, 36/2011, 98/2012, 13/2013, 164/2013, 44/2014, 192/2015, 30/2016, 21/2018, 245/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија број 180/2019 и 103/2021) и 44 став (3), 60 став (3), 66 став (3) и 72 став (3) од Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија" број 7/2008, 124/2010, 17/2011, 13/2013 и Службен весник на Република Северна Македонија број 103/2021) Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување на седницата, одржана на 24.06.2021 година, донесе

**Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот и постапката за давање на одобренија на измените на документите поднесени при лиценцирање**

**Член 1**

Во Правилникот за начинот и постапката за давање на одобренија на измените на документите поднесени при лиценцирање („Службен весник на РМ“ бр. 175/2013 и 32/2018) по членот 6 се додава нов член 6-а кој гласи:

„Член 6-а

“Барањата и документацијата од член 2, 3, 4 и 5 став (1) на овој правилник може да се достават и по електронски пат, во форма на електронски документ согласно Законот за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги. Документот кој пензиското друштво не може да го достави како оригинален документ во електронска форма, потребно е во рок од 5 дена од доставувањето на документацијата, да го достави во оригинал во хартиена форма.“

**Член 2**

Овој правилник влегува во сила од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Северна Македонија”.

Бр. 01-517/3
09.07.2021 година
С к о п ј е

Претседател на Совет на експерти

Максуд Али с.р